**Известување за концентрација со која СЕЦ ЊУГЕЈТ С.п.А. Милано, Италија, Г-дин Томас Варвитсиотис од Атина, Грција и Г-дин Јоанис Олимпиос од Атина, Грција, имаат намера да стекнат заедничка контрола директно над В+О АДВЕРТИСИНГ КОНСАЛТИНГ СОЦИЕТЕ АНОНИМЕ Атина, Грција и В+О ИНТЕРНАТИОНАЛ СОЦИЕТЕ Атина, Грција**

**(предмет бр. 08-172/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 06.12.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која **СЕЦ ЊУГЕЈТ С.п.А. (SEC NEWGATE S.p.A.),** со регистрирано седиште на Виа Ферранте Апорти 6/8, 20125, Милано, Италија, Г-дин Томас Варвитсиотис (Mr. Thomas Varvitsiotis) со адреса на ул. 91 Мицхалакопоулоу, Атина, Грција, Г-дин Јоанис Олимпиос (Mr. Ioannis Olympios) со адреса на ул. 91 Мицхалакопоулоу, Атина, Грција, имаат намера да стекнат заедничка контрола директно над **В+О АДВЕРТИСИНГ КОНСАЛТИНГ СОЦИЕТЕ АНОНИМЕ** (V+O ADVERTISING CONSULTING SOCIETE ANONYME), со регистрирано седиште на 91 Мицхалакопоулоу, 5 кат, 11528 Атина, Грција и над **В+О ИНТЕРНАТИОНАЛ СОЦИЕТЕ АНОНИМЕ** (V+O INTERNATIONAL SOCIETE ANONYME), со регистрирана адреса на ул. 91 Мицхалакопоулоу, Атина, Грција, по пат на купопродажба на акции.
Приоритетната дејност на **СЕЦ ЊУГЕЈТ** е односи со јавност и маркетинг.

**СЕЦ ЊУГЕЈТ** нема поврзани друштва регистрирани во Северна Македонија

**В+О АДВЕРТИСИНГ СА** е активно во секторот на односи со јавност и маркетинг.

**В+О ИНТЕРНАТИОНАЛ СА** е холдинг друштво чиј предмет на работење опфаќа обезбедување совети и услуги на административна организација и координација, контрола и процесирање на работењето на поврзаните друштва кои се со седиште во странство, индикативно за прашања од: економска политика, финансиски менаџмент, при евалуација на потенцијалот можности за инвестирање, при изготвувањето на стратегијата за развој и други сродни работи.

**В+О ИНТЕРНАТИОНАЛ СА** има едно поврзано друштво регистрирано во Северна Македонија, **Друштво за маркетинг и комуникација В ПЛУС О ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на ул. Македонија бр.2/1-2, Скопје, и ЕМБС 7488840 (во натамошниот текст: "**В ПЛУС О ДООЕЛ Скопје**"). Регистрираната приоритетна дејност на В ПЛУС О ДООЕЛ Скопје е 73.11 - Агенција за маркетинг.

За целите на ова Известување, релевантниот пазар на производи може да биде дефиниран како пазарот за обезбедување на услуги на маркетиншки комуникации и набавка на медиумски простор. Овие пазари може да се третираат како национални по обем, иако дефиницијата за релевантниот географски пазар може да остане отворена.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на*

*заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.12.2023 година
Скопје